# ‚Навистина, Аллах ќе ги измачува оние што ги измачуваат луѓето на овој свет.‘“

Од Хишам бин Хаким бин Хизам, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, се пренесува дека поминал покрај неколку жители на Набатеја во Шам, кои биле оставени да стојат изложени на Сонце. Прашал: „Што им е?“ Му рекле: „Задржани се поради џизја.“ Тогаш Хишам рекол: „Сведочам дека го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Навистина, Аллах ќе ги измачува оние што ги измачуваат луѓето на овој свет.‘“
[صحيح] [رواه مسلم]

Хишам бин Хаким бин Хизам, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, поминал покрај неколку странци земјоделци во Шам, кои биле оставени да стојат под силното Сонце. Прашал што е со нив? Му одговориле дека тоа им било направено затоа што не платиле џизја, иако биле во можност да платат. Тогаш Хишам, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Сведочам дека го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Навистина, Аллах ќе ги казни оние што неправедно ги казнуваат луѓето на овој свет.’“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee